Врз основа на член 172 став (4) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22, 171/22 и 3/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2025 ГОДИНА

## I

Со оваа програма се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање,кофинансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2025 година.

## II

Средствата за реализирање на оваа програма се обезбедуваат од надоместоците утврдени во членот 162 од Законот за животната средина и се предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 254/24), раздел 12101, потпрограмите 10, 23, 24, 25 и С1, сметка 631 во вкупен износ од 871.128.000,00 денари.

Дел од средствата од став 1 на овој дел ќе се доделуваат врз основа на јавен конкурс којшто го објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за животната средина, со склучување на договори за доделување на средства. Доделувањето на средствата ќе се изврши врз основа на дефинирани критериуми кои се земаат предвид и критериумот за рамномерен регионален развој, согласно степенот на развиеност на планските региони во Република Северна Македонија утврдени во јавниот конкурс.

Дел од средствата од став 1 на овој дел ќе се наменат за мерки за заштита и унапредување на медиумите на животната средина и природата, со спроведување на постапка за јавна набавка и склучување на договори, како и договори за кофинансирање на проекти.

## III

За начинот и динамиката на реализирањето на оваа програма е задолжено Министерството за животна средина и просторно планирање.

## IV

Средствата од дел II став 1 од оваа програма се распоредуваат за следните намени:

1. Поддршка на мерки и активности за спроведување на обуки за заштита и унапредување на животната средина во износ од 2.010.000,00 денари;

2. Поддршка на мерки и активности за управување и заштита на водите во Република Северна Македонија во износ од 248.480.000,00 денари;

3. Поддршка на мерки и активности за заштита на квалитетот на воздухот во износ од 7.855.000,00 денари;

4. Поддршка на мерки и активности за третман на отпадни води во износ од 169.520.000,00 денари и

5. Поддршка на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина во износ од 443.263.000,00 денари.

V

Средствата од дел IV точка 1 од оваа програма ќе се реализираат со спроведување на постапка за јавна набавка.

Средствата од дел IV точка 2 од оваа програма ќе се реализираат со:

- спроведување на постапка за јавна набавка и

- склучување на договори за доделување на средства врз основа на јавен конкурс којшто го објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за животната средина, по поднесено и одобрено барање за финансирање на проект од страна на општини или здруженија на општини, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Средствата од дел IV точка 3 од оваа програма ќе се реализираат со спроведување на постапка за јавна набавка.

Средствата од дел IV точка 4 од оваа програма ќе се реализираат со спроведување на постапка за јавна набавка.

Средствата од дел IV точка 5 од оваа програма ќе се реализираат со:

-спроведување на постапка за јавна набавка;

-склучување на договори за доделување на средства врз основа на јавен конкурс којшто го објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за животната средина, по поднесено и одобрено барање за финансирање на проект од страна на општини или здруженија на општини, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и правни и физички лица, непрофитни и невладини организации, научни и образовни институции;

-договорите за доделување на средства од Програмите за инвестирање во животната средина за 2023 и 2024 година;

-склучување на договор за кофинансирање на инфраструктурни проекти и

- исплата на трошоци за реализација на мониторинг при спроведување на оваа намена.

VI

Со средствата од оваа програма можат да бидат финансирани сите видови на трошоци за реализација на програми, проекти и други активности од областа на животната средина, освен за:

1) Закуп на земјиште;

2) Закуп на постојни згради;

3) Трошоци направени пред 1 јануари 2025 година;

4) Трошоци направени за да се покријат платите на вработените кои работат кај корисникот на средствата;

5) Трошоци за подготовка на Формуларот за аплицирање за добивање на средства од оваа програма;

6) Општи и административни трошоци на апликантот;

7) Камати на долгови, надоместоци за финансиски операции и останати чисто финансиски трошоци;

8) Законски обврски, казни и пенали и

9) Трошоци за функционирање на проектот по неговата изведба, а кои не се поврзани со обуката на персоналот или пробното тестирање.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-443/7
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија